## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4589 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во вториот десетдневен извештаен период од мониторингот на изборното медиумско претставување (12-21 септември 2016 година), примерокот за анализа на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алсат М се состои од десет изданија на Вестите во 19 часот.

Анализирани се прилози со вкупно времетраење од 4 часа 4 минути и 43 секунди, од кои 3 часа 59 минути и 27 секунди припаѓаат на претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), изјави и новинарски репортажи со социјална тематика (Табела 1). Новинарските осврти зафаќаат 5 минути и 16 секунди од вкупното време на емитуваните прилози.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:31:24 | 13,11 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:41 | 6,97 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:01 | 7,52 | % |
| Други субјекти | 00:36:00 | 15,03 | % |
| Влада на РМ | 00:36:09 | 15,10 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:03:57 | 1,65 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:54 | 1,21 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:06 | 2,97 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:36 | 1,50 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:45 | 3,65 | % |
| Привремена комисија | 00:02:36 | 1,09 | % |
| Локална самоуправа | 00:09:17 | 3,88 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:05 | 3,38 | % |
| СДСМ | 00:14:04 | 5,87 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:50 | 2,02 | % |
| Собрание на РМ | 00:07:29 | 3,13 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:27 | 0,61 | % |
| Судство | 00:06:58 | 2,91 | % |
| Специјално обвинителство | 00:16:21 | 6,83 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:25 | 0,17 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:35 | 0,24 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:48 | 0,33 | % |
| ФРОДЕМ | 00:01:35 | 0,66 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:04 | 0,03 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:04 | 0,03 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:04 | 0,03 | % |
| ДЕМОС | 00:00:04 | 0,03 | % |
| МОРО - Работничка партија | 00:00:04 | 0,03 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:04 | 0,03 | % |
| | **Вкупно: 03:59:27** | 100 | % |

Речиси една третина од вкупното време на анализираните прилози е одвоено за активностите на Владата и субјектите кодирани како „други субјекти" (Сеизмолошка опсерваторија, Исламска верска заедница, Југохром, Институт за земјотресно инженерство, Комисија за лустрација, адвокати, универзитетски професори, Комора за приватно обезбедување, Алкалоид, ЗАМП, ММА, Црвен крст на РМ и др.). Владата и „други субјекти" временски се подеднакво застапени, со по 36 минути. Известувањето за активностите на Владата опфаќа вистинити и релевантни настани поврзани со почетоците на учебната година за учениците и академската година за студентите со акцент на инфраструктурните и други проблеми за коишто надлежни се Министерството за образование и ресорниот министер, предлог-буџетот за 2017 година, извадоци од

интервју на министерот за надворешни работи, Никола Попоски, дадено за Радио Слободна Европа, прес-конференции на владиниот портпарол, работата на владината комисија за проценка на штетите во поплавените подрачја, односите Влада – ЕУ во поглед на ИПА фондовите и др. Телевизијата и во овој извештаен период емитува значителен обем прилози во кои единствени соговорници се граѓаните, кодирани како „без субјекти". Станува збор пред се за прилози поврзани со последиците со коишто се соочуваат жителите на главниот град од земјотресите што го зафатија скопскиот регион, прилози за последиците од неодамнешните поплави, како и за други комунални и инфраструктурни проблеми, кадешто најчесто како соговорници се јавуваат жителите и оттука произлегува застапеноста на категоријата „без субјекти". Медиумот во креирањето на своите прилози, став за прашањата коишто се тема на разговор често бара од експерти/аналитичари, отстапувајќи простор за различни гледишта и мислења. Појавувањето на органите на државната управа како субјект е поврзано со изјави на директори на државни институции од различни сфери (образование, здравство, социјала итн.). Вкупното време одвоено за политичките партии зафаќа околу 16% од вкупното време на емитуваните прилози, што е приближно еднакво колку времето одвоено за активностите на Владата или за категоријата „други субјекти", коишто се застапени со по 15%. Најголем дел од просторот за политички партии е отстапен на условно четирите поголеми партии: СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ и ДПА, а другите партии се појавуваат самостојно во по еден прилог, или пак се само споменати во рамки на некој прилог.

Емитувани се два новинарски осврта со вкупно времетраење од 5 минути и 16 секунди. „Албанските дипломати останаа заложници на Иванов" е насловот на едниот прилог, а вториот се однесува на инфраструктурен проблем „Властите ја оставаат во заборав населбата Топаана". Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:39 | 10,15 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:49 | 11,93 | % |
| Други субјекти | 00:13:31 | 20,63 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:23 | 2,11 | % |
| Влада на РМ | 00:08:31 | 13,00 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:43 | 2,62 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:32 | 3,87 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:48 | 7,32 | % |
| СДСМ | 00:05:57 | 9,08 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:24 | 0,61 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:38 | 2,49 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:51 | 4,35 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:56 | 2,95 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:08 | 0,20 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:08 | 0,20 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:29 | 3,79 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:55 | 1,40 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:32 | 0,81 | % |
| Привремена комисија | 00:00:57 | 1,45 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:41 | 1,04 | % |
| **Вкупно:** | **01:05:32** | 100 | % |

Најчесто се емитувани директни обраќања на „други субјекти", а потоа по временска отстапеност за директни обраќања следуваат претставниците на Владата, експертите/аналитичарите, претставници на органите на државна управа/јавни претпријатија, СДСМ.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во анализираниот период од 12 до 21 септември 2016 година, ТВ Алсат М емитуваше една дебатна емисија во рамки на емисијата „Патот кон...". Дебатата беше емитувана на 15 септември, а гости во студиото на телевизијата беа Абдулаќим Адеми од ДУИ, Дамјан Манчевски од СДСМ и Беким Фазлиу од ДПА. Водителката на почетокот од емисијата информира дека покана за учество во дебата била упатена и до ВМРО ДПМНЕ, но од партијата не се одзвале на поканата. Главните теми на коишто дискутираат претставниците на трите политички партии се претстојните Предвремени парламентарни избори и неизјаснувањето на Уставниот суд во поглед на Специјалното јавно обвинителство.
Емитувани се и две репризни изданија на наведената емисија и тоа на 16 и 17 септември.

*Интервјуа*

Во вториот извештаен период, се емитувани две интервјуа, едно со амбасадорот на ЕУ во Република Македонија, Самуел Жбогар, а второто е со министерот за образование и наука, Пиштар Љутфиу.

Интервјуто со евроамбасадорот е емитувано на 14 септември, а теми на разговор беа исполнувањето на договорот од Пржино, неизјаснувањето на Уставниот суд во поглед на Специјалното јавно обвинителство, ИПА фондовите.

Второто интервју е емитувано на 20 септември, во рамки на емисијата „200" кадешто на прашања поврзани со образованието одговараше ресорниот министер, Пиштар Љутфиу.

***Сектор за програмски работи***